ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 383 став 1 точка 2 и член 384 став 2 точка 1 од Законот за трговските друштва, Собранието на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, на седница одржана на 23.12.2016 година, донесе

О Д Л У К А

За усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи, годишниот извештај за работење на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО за 2015 година и Извештај на независни ревизори

Член 1

Се усвојува годишната сметка, финансиските извештаи, годишниот извештај за работење на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО за 2015 година и Извештај на независни ревизори со остварен финансиски резултат од работењето:

1.	Остварени приходи	321.454.255,00 денари
2.	Остварени расходи	879.486.863,00 денари
3.	Остварена загуба пред оданочување (1-2)	558.032.608,00 денари
4.	Данок на даночно непризнати	-
5.	Остварена загуба по оданочување (3+4)	558.032.608,00 денари

Член 2

Составен дел на Оваа Одлука се:

- Извештај на независните ревизори, Извештај за финансиска состојба, Извештај за сеопфатна добивка, Извештај за паричните текови и Извештај за промените во капиталот заедно со Годишниот извештај за работењето,
- Билансот на успех и Билансот на состојба од годишната сметка
- Одлука за покривање на загубата (остварена по годишната сметка и финансиски извештаи за 2015 година)

Член 3

- Оваа Одлука влегува во сила со денот на доснесувањето

Собрание на акционерите
Претседавач,

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 384 став 2 точка 2 од Законот за трговските друштва, и на Одлуката за усвојување на годишната сметка и годишниот извештај за работење за 2015 година,Собранието на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво Куманово, на седница одржана на 23.12.2016 година, донесе

О Д Л У К А

За покривање на загуба по годишната сметка / финансиските извештаи за 2015 година

Член 1

Загубата од работењето во 2015 година ќе се покрива од работењето на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО во наредниот период.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери
Претседавач,